UDC: 821.18-31.09

*Original scientific paper*

# THE MYSTERIOUS IN THE NOVEL „EXILED: REQUIEM FOR LINDA B.“ BY ISMAIL KADARE

# ЗАГАДОЧНОТО ВО РОМАНОТ „ПРОГОНЕТАТА: РЕКВИЕМ ЗА ЛИНДА Б.“ ОД ИСМАИЛ КАДАРЕ

**Marina DANILOVSKA[1], Marina SPASOVSKA[2]**

[1*] *Department of Macedonian Language and Literature, Faculty of Philology, University of Tetova*

[2] *Department of Macedonian Language and Literature, Faculty of Philology, University of Tetova*

[*]*Corresponding author e-mail: marina.danilovska@unite.edu.mk, marina.spasovska@unite.edu.mk*

---

**Abstract**

The contemporary story in the novel is, actually, a work created about the dead girl Linda, about the peace of her soul. The events presented in the novel and the research of the mysterious suicide of Linda B. are shrouded in enigma, which is also encouraged by the girl, which name, Migena, represents her anagram. The playwright Rudijan Stefa is presented through the pages of the book, and is trying to discover what happened in a time filled with ambiguities, in a time when a beautiful lady and her family are interned. That is why we decided to put the “mysterious” in the focus of our attention, moreover in the space in which the presented characters are moving, such as implementing the secrecy in the human being.

***Key words:*** *novel, space, text, mystery, internment.*

**Апстракт**

Современата приказна во романот е, всушност, дело за мртвата девојка Линда, за спокојот на нејзината душа. Претставените настани и истражувањето за мистериозното самоубиство на Линда Б. се обвиткани во енигма, која е поттикната и од девојката чие име, Мигена, претставува анаграм на енигма. Низ страниците на книгата е претставен драматургот Рудијан Стефа, кој се обидува да открие што се случило во едно време кое е исполнето со нејаснотии, во едно време во кое една убава девојка и нејзиното семејство се наоѓаат во интернација. Токму затоа се одлучивме во фокусот на нашето внимание да го ставиме воведувањето на загадочното во текстот, односно во просторот во којшто се движат претставените ликови, како и воведувањето на таинственото во човекот.

***Клучни зборови****: роман, простор, текст, мистерија, интернација.*

---

Творештвото[44] на Исмаил Кадаре претставува неисцрпен извор на исчитувања, препрочитувања и истражувања, а неговите дела се преведени на педесетина јазици во светот. Во 2009 г. тој го објавил романот „Прогонетата: Реквием за Линда Б.“, којшто претставува едно трогателно четиво од последната фаза на неговото творештво, што возбудува, но и обеспокојува. Нарацијата во текстот им е посветена на девојките, кои, како што истакнува авторот на почетокот на романот, се родиле, пораснале, се

[44]Од творештвото на Кадаре ќе спомонеме само неколку негови дела, како: „Генералот на мртвата војска“, „Пирамидата“, „Палата од соништата“, „Ќерката на Агамненон“ и многу др.

https://doi.org/10.62792/ut.filologjia.v13.i24-25.p3036

задевојчиле и живееле во прогонство, во интернација, во една илузија дека водат „нормален“ живот.

Во романот „Прогонетата: Реквием за Линда Б.“ се навестува загадочното и енигматското во просторот во којшто се движат претставените ликови, а сето тоа е воведено од една девојка, Мигена[45]. Нејзиното име, всушност, претставува анаграм на зборот енигма. Дејствието се одвива околу ликот на драматургот Рудијан Стефа, кој наивно потпишува своја книга за една непозната девојка, а тоа од него го бара токму таа, Мигена, најдобрата пријателка на девојката која си го одзела животот, Линда Б. Тој неочекувано е повикан на разговор во Комитетот на партијата.

Тоа го поттикнува на размислувањето дека можеби го повикуваат поради неговата последна театарска пиеса за која не можел да добие дозвола поради вториот чин во којштo се појавувал дух[46], или, пак, поради последната караница[47] со Мигена. Но, причината е сосема нешто друго, причината е токму таа книга со негова посвета за девојката која не ја познава и која се самоубила. Единственото нешто што го сака во тој момент е да ја открие вистината, па така, нараторот му ја разоткрива мистеријата на нетрпеливиот читател, дел по дел. Во таа желба да се дојде до нови сознанија, нараторот ги следи патеките што ќе го однесат до пронаоѓање на причините за смртта на Линда.

Во таа потрага забележуваме дека авторот јасно ги определува просторот и времето на одвивање на прикажаните настани, притоа овозможувајќи му на читателот да го конструира идентитетот на девојката. Рудијан Стефа чувствува гнев поради неискреноста на Мигена, која од него криела многу тајни. Посакува да ги открие, па трагајќи по причините за самоубиството на Линда, сфаќа многу работи за неговата судбина и за судбината на другите, па дури тогаш му се разјаснува „ледениот израз на лицето на Мигена“ (Кадаре, 2021:22), како и нејзиниот сè потаинствен неспокој.

Во разговорите со иследникот на случајот, дознава дека семејството на Линда било во интернација. Но тоа нивно протерување не било класично, туку во рамките на местенцето. Сепак, сите морале да се пријавуваат секоја вечер во полиција. Говорејќи за судбината на оваа девојка, авторот ќе напише „иако одеше во училиште, никој не се осмелуваше да другарува со неа, освен Мигена. Беа најдобрите во училиштето и, без сомневање, најубавите“ (Кадаре, 2021: 49). Додека Рудијан слуша за тажната приказна за неа и за нејзините најблиски, му провејува една мисла која содржи „вина и невиност, неговата и на државата, и двете беа помешани со чувство за судбината во кое љубезноста и суровоста сè уште беа едно и сите овие нешта личеа на искрички што прскаат од невидливото јадро под вулканската пукнатина“ (Кадаре, 2021: 53).

Во „Прогонетата: Реквием за Линда Б.“, преку сеќавањата на ликовите обвиткани со мистерија, дел по дел, како на сложувалка, ни се откриваат последните месеци од животот на осумнаесетгодишната Линда, која се обидува да ги надмине пречките, но откако станува свесна дека не ќе може да го направи тоа, се крева против судбината, одземајќи си го животот. Во чинот на самоубиството на преубавата девојка се наѕираат нејзините чувства за напуштеноста и осаменоста. Едноставно, таа не може сама да се носи со новонастанатата ситуација, а тоа е продолжувањето на интернацијата за нејзиното семејство за уште пет години.

---

[45]„Мигена, енигма, повтори во себе. Потоа, за да се убеди, ги напиша зборовите врз менито, токму над зборовите „кафе еспресо“. Навистина беше така, речиси анаграм. Шесте букви во името „Мигена“, подредени на друг начин, водеа до „енигма““ (Кадаре, 2021: 25).

[46]Социјалистичкиот реализам не признавал привиденија.

[47]Во тие мигови се сеќава на последната караница кога на Мигена ѝ вели дека е шпион, но и на книгата *Топономастика*, на имињата на местата во Албанија. Тој вели дека сите тие биле мрачни имиња, бидејќи „Ништо на овој свет немаше толку страшна лична карта или *curriculum* vitae, како што во последно време се нарекува, како оваа земја. Замки, предавство насекаде...“ (Кадаре, 2021: 17).

Бидејќи училиштето завршува, а нејзината најдобра и единствена пријателка треба да замине на студии во Тирана, сето тоа би значело ограничено движење во еден затворен простор во домот, или, како што истакнува Башлар „засолнетото суштество ги прави чувствителни границите на своето засолниште“ (Башлар, 2002: 37). И покрај тоа што просторот на домот нуди спокојство и, на некој начин, заштитува, таа чезнее да ја почувствува слободата. Во таков случај, „куќата повеќе не се „доживува“ во нејзината позитивност“ (Башлар, 2002: 37).

Ѝ се рушат соништата на младата девојка, која во еден миг дури посакува да е болна од канцер, бидејќи само оваа болест би ѝ овозможила ретки излегувања од домот. Всушност, тие анализи биле единствените на кои имале право прогонетите, па затоа Линда посакува да ја добие лошата вест и тогаш со радост би ги заменила бескрајните години во прогонство со шест месеци живот. Но добрите резултати значеле губење и на последната надеж. Претрпува разочарување, бидејќи е тешко да се нема чувство на слобода, односно, како што вели таа, тешко е да „немаш ниту еден единствен ден... Да немаш надеж од никого... Затоа што не знаев од каде да ја очекувам, последната надеж му ја доверив на канцерот... Помошта ја побарав од него... Но, ни тој не ми ја даде“ (Кадаре, 2021: 119).

Таа посакува да ја посети Тирана, а оваа носталгија за главниот град е предадена преку визијата на девојка на која ѝ било забрането напуштањето на местото каде што престојува. Тука можеме да зборуваме и за љубовта на човекот кон одредено место, за неговата емотивна поврзаност со тоа место, односно за топофилијата. Во романот, просторот кој ја прави среќна Линда е просторот на Тирана, односно тоа е посакуван простор за неа. Тоа е простор што ја привлекува или социопетален простор. Таа во своите мисли дури и ја доживува Тирана.

Просторот на големиот град преку нејзиното кажување е емотивно обоен, а за оваа нејзина опседнатост со Тирана ни говори Мигена, велејќи дека не познавала таков човек „кој, без да го посети градот, го сакал толку лудо...“ (Кадаре, 2021:79). Таа „ја познавала Тирана подобро од нејзините жители. Од репортажите, од вестите и од гласиштата ги знаела плоштадите, кината и кафулињата“ (Кадаре, 2021: 79-80). Па така, читателот пред себе мошне живо ги гледа „Кафе Флора“, раскрсниците на улиците околу плоштадот Скендербег, градините на Академијата, паднатите лисја во паркот пред хотелот „Дајти“.

Таа надворешното го доживува преку имагинацијата, ја привлекува отворениот простор, посакува да не постои таа невидлива граница којашто ги разделува двата простора (внатре и надвор) што ги посакува. Нејзиното битие посакува движење, мечтае за градот, го посакува забранетото. Неа ја плаши мирувањето, па така, како што истакнува Башлар, потсвеста на човекот го населува просторот на својата среќа, но „психоанализата го става битието почесто во состојба на движење, отколку во состојба на мирување. Таа го повикува битието да живее надвор од престојувалиштата на потсвесното, да влезе во авантурите на животот, да излезе од себе“ (Башлар, 2002: 44).

Читателот ќе забележи дека со исчитувањето на секоја нова страница се отплеткува клопчето и се открива таинственото, па дознаваме дека самоубиството на Линда има, како конкретни, така и непознати мотиви. Со трагичното завршување на животот на Линда, читателот размислува за вознемирувачкото во реалноста што ја опкружувала оваа девојка, за неможноста да си ги оствари своите сништа, за неможноста слободно да се движи во просторите коишто ја привлекувале. За неа дознаваме од раскажувањето на Мигена, која вели „не е лесно да се објасни. Една девојка толку исполнета како Линда, да се чувствува празна“ (Кадаре, 2021: 75), па токму затоа неа и ја возбудувало

испрашувањето од иследниците за книгата со посвета, бидејќи „тоа било првпат таа да се чувствува поинаку, да има приказна“ (Кадаре, 2021: 75).

Таа сонувала за слободен живот, за живот исполнет со љубов и кој нема да има влијание од уверувањата, политиката и сл. Но наместо тоа, едноподруго се случиле последните настани: распитот, мамографијата, големото ништо на Линда наспроти сознанието дека Мигена добила стипендија за Уметничката академија, неостварената желба да се посети Тирана, продолжувањето на интернацијата за уште пет години и матурската вечер. Сето тоа ја зголемило тагата во срцето на невината девојка, која знаела дека ја очекува бескрајна самотија. Таа сфаќа дека „сите простори на нашите самотии, просторите во кои сме страдале заради самотијата, сме се радувале на самотијата, во нас се неизбришливи“ (Башлар, 2002: 43).

Таа се чувствувала поинаква од другите и ја изгубила желбата да го оствари сонот, да го исполни животот. Па така, нејзините соништа ја водат до трагичен крај. Сите тие случувања ја скршиле младата девојка која се самоубила, испивајќи отров. И на погребот била осамена, на него присуствувале само родителите и еден непознат туѓинец. На крајот ќе посочиме дека трагичната судбина на Линда Б. како да е поврзана и со драмата на Рудијан. Таа е обвиткана во отуѓеноста. Девојката ја обзема чувството на бесмисленоста, па затоа чувствува осаменост, немир и несигурност.

Сето тоа ја наведува да размислува за празнотијата во животот, за времето коешто одминува, без да остави белег во нејзиниот живот. Трагајќи по смислата за своето постоење, запаѓа во празнина, затвореност, тишина и сето тоа ја води кон трагичниот крај. Интересно е и тоа што во романот се меша говорењето на нараторот со размислите на ликот, а со цел да се доловат загадочното и мистериозното, информациите се откриваат постепено. Авторот во својот роман во делови ни ги предава настаните согледани преку главниот лик, но тој мошне умешно ни ги претставува и замислените дијалози на драматургот Рудијан Стефа со Линда Б.

## Референци


[1]. Башлар, Г. (2002). *Поетиката на просторот*. Скопје: Табернакул.

[2]. Кадаре, И. (2021). *Прогонетата: Реквием за Линда Б*. Скопје: Арс Либрис.

[3]. Assmann, j. (2005). Kulturno pamćenje. Zenica: Vrijeme (https://vrismond.wordpress.com/wp-content/uploads/2010/10/janassmankulturnopamcenje.pdf )

[4]. Bahtin, M. (2016). *Jedinstvo hronotopa*. (https://polja.rs/wp-content/uploads/2016/02/selection14-7.pdf)

[5]. Džafć, Š. (2017). *Prostorno ispisivanje identiteta.*Zeničke sveske. Časopis za društvenu fenomenologiju i kulturnu dijalogiku. (https://www.zesveske.ba/26_17/2617_4_5.htm)

[6].Mandala, M. (2016). *Ismail Kadare tra la verità dell'arte e l'inganno della realtà*. (https://akad.gov.al/wp-content/uploads/2024/02/2016studia-albanica2.pdf)

[7]. Petković, K. (2014). *Coetzee susreće Foucaulta: moć, nasilje i subject u romanima Čekajući barbare i Sramota.*Hrčak (https://hrcak.srce.hr/file/216808)

[8]. Sinani, Sh. (2009). *Për prozën e Kadaresë: studime dhe artikuj*. Tiranë: Naimi.